Уп. бр. 08-78

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Друштво за трговија и услуги ПРОМЕТ СТЕЕЛ ХОЛДИНГ ДОО Скопје, со седиште на адреса ул. „Енвер Идризи“ бр.16а, Скопје – Сарај, Република Северна Македонија, преку адвокат Самоил Филиповски од Скопје, на седницата одржана на ден 20.05.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Друштво за трговија и услуги ПРОМЕТ СТЕЕЛ ХОЛДИНГ ДОО Скопје, со седиште на адреса ул. „Енвер Идризи“ бр.16а, Скопје – Сарај, Република Северна Македонија, ќе стекне контрола над Друштвото за услуги МГФ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса ул. „Никола Кљусев“ бр.6, кат7, Скопје, Република Северна Македонија, преку купопродажба на удел, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од  6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 29.04.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од Друштво за трговија и услуги ПРОМЕТ СТЕЕЛ ХОЛДИНГ ДОО Скопје, со седиште на адреса ул. „Енвер Идризи“ бр.16а, Скопје – Сарај, Република Северна Македонија, со која ПРОМЕТ СТЕЕЛ ХОЛДИНГ ДОО Скопје ќе стекне единствена контрола над Друштвото за услуги МГФ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса ул. „Никола Кљусев“ бр.6, кат7, Скопје, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на удел.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Приоритетна дејност на ПРОМЕТ СТЕЕЛ ХОЛДИНГ ДОО Скопје е трговија на големо со дрва, градежни материјали и санитарна опрема. ПРОМЕТ СТЕЕЛ ХОЛДИНГ ДОО Скопје претставува Холдинг Компанија која има 3 подружници во различни сектори (вадење на декоративен камен и камен за градежништвото, варовник, суров гипс, креда и шкрилци, трговија на големо со дрва, градежен материјал и санитарна опрема и управувачки дејности).

ПРОМЕТ СТЕЕЛ ХОЛДИНГ ДОО Скопје како холдинг и како матична компанија има две поврзани друштва, и тоа:

1. Друштво за транспорт трговија и услуги СТЕЕЛ ТРАНС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште ул. „Енвер Идризи“ бр.16а, Скопје - Сарај, со регистрирана дејност 49.410 - товарен патен транспорт и

2. Друштво за производство, трговија и услуги СТИЛ КОНТРОЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште ул. „Хасан Приштина“ бр.145, Визбегово, Бутел, Скопје со регистрирана дејност 43.990 - Други специјализирани градежни работи, н.д.м.

МГФ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје е основано во 2025 година со регистрирана дејност - останати услужни дејности, меѓутоа, МГФ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје се уште нема остварено деловна активност.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**